Ред. број: 17

Прилог бр. 3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Основи на ортодонцијата			
2.	Код	СЗТЗЗОО2			
3.	Студиска програма	Стручни забни техничари			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за ортодонција			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	3
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ирена Гавриловиќ и наставници од Катедрата за ортодонција			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Ислушани сите задолжителни предмети од прва година			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентот да го разбере нормалниот раст и развој на стоматогнатиот систем, да се запознае со етиолошките фактори на малоклузиите, видовите малоклузии во сагитална, трансверзална и вертикална насока,неправилности на поедини заби и дентални лакови, како и методи и постапки за нивно			

		дијагностицирање. Студентот се стекнува со познавање за изработка на студио модели и постапките и начините на соклирање. Студентот се запознава со превентивните и интерцептивните мерки и се стекнува со знаење за изработка на интерецептивните апарати за ран ортодонтски третман на обратен загриз во фронтот, третман на лоши навики и ран третман на проген загриз. Студентот се запознава со инстументите и апаратурата која се користи во ортодонтската заботехничка лабораторија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава 1.Поглавје – Раст и развој на орофацијалните структури и класификација на малоклузиите Пренатален и постнатален раст и развој во орофацијалната регија ..... 1 час Карактеристики на нормална оклузија во млечна и мешовита дентиција и стадиуми на развој на нормална оклузија ..... 1час Општи етиолошки фактори за развој на малоклузии ..... 1час Локални етиолошки фактори за развој на малоклузии ..... 1 час Класификација и карактеристики на ортодонтски неправилности на поедини заби ..... 1 час Неправилности на дентални лакови ..... 1час Класификација на неправилности во сагитала ..... 1час Класификација на неправилности во вертикала и трансверзала ..... 1час Дијагностика на малоклузиите – анамнеза, клиничко испитување, ртг испитување, испитување на фотографија .... 1час Студиски модели – земање на анатомски отпечаток, излевање на модели, соклирање, изработка на базата на моделите ..... 1час *Резултати од 1. Поглавје – студентот ќе се насочи во едукација за познавање на нормалниот раст и развој на орофацијалниот систем, етиолошките фактори на ортодонтските неправилности и нивната класификација.Студентот ќе се запознае со постапките за излевање на анатомски отпечатоци и соклирање на модели* 2.Поглавје – Ортодонтска заботехничка лабораторија, Интерцептивна ортодонција Организација на работата во заботехничка лабораторија, инструменти и апарати во ортодонтска заботехничка лабораторија ..... 1час Ортодонтски превентивни и интерцептивни мерки и методи ..... 1час Рана корекција на антериорно вкрстен загриз – вежби со шпатула, коса рамнина (мобилна, фиксна, директен и индиректен начин на изработка) ..... 1час Ран третман на проген загриз – брадова држалка ..... 1час Интерцептива на лоши навики: цицање на прст, интерпонирање на јазик, дишење на уста – вестибуларна плоча, лушпа за јазик, миофункционални апарати, палатинална завеса и решетка за јазик, палатинален апарат за вежби за голтање ..... 1час *Резултати од 2. Поглавје студентот ќе се насочи во едукација и познавање на превентивните и интерцептивните мерки и методи во ортодонтската терапија, со посебен акцент на косата рамнина, вестибуларна плоча, брадова држалка апарати за одвикнување од лоши навики.* ***Вкупно……15 часа***

		Вежби: Запознавање со заботехничка лабораторија по ортодонција и инстументите и апаратурата која се користи во ортодонтската техника. Земање на отпечаток од фантом. Излевање на отпечаток. Изработка на студио модел со помош на гумени и пластични соклоформери или со помош на гипстример. Изработка на вестибуларна плоча.Изработка на лушпа за јазик, Изработка на апарати за одвикнување од лоши навики, палатинална завеса и решетка за јазик. Изработка на коса рамнина. Изработка на брадова држалка. ***Вкупно …… 60 часа***		
13	Заемна поврзаност на предметите	Ортодонтски апарати 1 Ортодонтски апарати 2		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивна настава, лабораториски вежби, работа во мали групи, Запознавање со заботехничката лабораторија по ортодонција, запознавање со инструментите и апаратурата во ортодонтска техника. Земање анатомски отпечаток од фантом, излевање на отпечатокот, изработка на студио модели и соклирање на моделите со различни техники на соклирање. Демонстрирање на техниката за изработка на разни видови интерцептивни апарати и помагала.Самостојно истражување при подготовка на семинарска работа.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	150 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	60
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	15
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	За добивање на потпис потребно е присуство на минимум 60% од теоретската настава, покажана активност на наставата и подготвена и презентирана семинарска работа.		
19	Начин на оценување Писмено и усно			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		10
	19.3.	Завршен испит: бодови		40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода		5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода		6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода		7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода		8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода		9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле		

<table>
<tr><td></td><td colspan="5">предметот</td></tr>
<tr><td rowspan="13">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Габриела Ќурчиева Чучкова</td><td>Ортодонција Прв дел</td><td>Стоматолошки Факултет Скопје, Универзитет “Св. Кири и Методиј” Скопје</td><td>2023</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Лидија Кануркова</td><td>Ортодонција Втор дел</td><td>Стоматолошки Факултет Скопје, Универзитет “Св. Кири и Методиј” Скопје</td><td>2021</td></tr>
<tr><td></td><td>3.</td><td>Марија Зужелова</td><td>Ортодонција за техничари</td><td>Стоматолошки Факултет Скопје, Универзитет “Св. Кири и Методиј” Скопје</td><td>2004</td></tr>
<tr><td></td><td>4.</td><td>Ѓоргова Ј.,Кануркова Л.,Џипунова Б.,Тошеска-Спасова Н.</td><td>Ортодонтска морфолошка анализа и дијагностика.</td><td>Стоматолошки Факултет Скопје, Универзитет “Св. Кири и Методиј” Скопје</td><td>2012</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Virtz U</td><td>Atlas of orthodontic and orofacial orthopedic tehnique</td><td>Dentaurum</td><td>2016</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Милеусниќ Б, Јовановиќ Д</td><td>Ортодонтски апарати са основама ортодонције</td><td>Завод за уџбенике и наставна средства, Београд</td><td>2004</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Лаптер В и сор</td><td>Ортодонтске направе</td><td>Школска књига, Загреб</td><td>1992</td></tr>
</table>

4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра по стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	3
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Наташа Ставрева и наставници и соработници од Катедрата за стоматолошка протетика			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Ислушани задолжителни предмети од прва година			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентот се запознава со основните биомеханички принципи во функција на џвакалниот систем, оптоварување на потпорните ткива односно парадонтот и на мукозата, се посебно важни во спроведување на протетичката терапија. Особено важен момент е правилно планирање на протетичките изработки, бидејќи со тоа се постигнува заштита на ткивата и долготрајност на протетичките изработки.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава: 1.Поглавје - биомеханиката на џвакалниот систем Вовед во биомеханиката на џвакалниот систем ..... 2 часа Основни поими во биомеханиката. Оптоварување и деформации ..... 2 часа Биомеханика на долната вилица ..... 2 часа Биомеханичко испитување на краниофацијалните коски ин виво ..... 2 часа Симулација на мандибуларната физика ..... 3 часа Компјутерска симулација на виличната биомеханика ..... 2 часа *Резултати од 1 поглавје : студентот ќе стекне знаење за биомеханичките принципи на џвакалниот систем, како компјутерскиата симулација влијае на виличната биомеханика* 2.Поглавје - Биомеханички карактеристики на џвакалниот систем и планирање на протетички изработки Биомеханички карактеристики на оралните потпорни ткива ..... 2 часа Употреба на потпората ..... 2 часа Биомеханичка реакција на џвакалниот систем кон оптоварување ..... 2 часа Биомеханички аспекти во планирањето на мобилните протетички изработки .... 2 часа Биомеханички аспекти во планирањето на парцијални скелетирани протетички изработки ..... 2 часа Биомеханички аспекти во планирањето на фиксните протетички изработки ..... 2 часа			